СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Тринаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 13-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА. 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕЛОНИЈА, ОДРЖАНА НА 10.12.1993 година**

1. АНДОВ СТОЈАН - стр.8
2. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 10
3. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 18
4. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 18, 19
5. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 1, 12
6. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4, 5, 16
7. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 7, 15, 17.
8. ЏЕМАИЛ ВЕБИ - 8

седницата е прекината поради оддалечување од дневниот ред

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од тринаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржано на 10.12.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа,

Пратеникот Митко Анастасовски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со расправата.

Збор има господин трајна Мицевски.

Ве молам, господине Мицевски господин Стоиле Стојков бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, кога актуелната власт ги држи сите конци во своите раце и кога единствената вистина е онаа вистина за која таа власт ќе ви каже што е вистината, друга нема, таквите системи се нарекуваат тоталитарни, а сите кои можат да се ракуваат од волјата на љубениот им, тој што во своите раце ги држи конците кои висат над

главите на марионетите, односно немањето идеи за разрешување на многу ветени, а не исполнети програми, затоа што дострелот на размислување на таквите едноумници е ограничен без ширина, без демократски мисли односно идеологија, без идеологија, немајќи аргументи за причините за одбивање на предлогот за донесување на законот за рехабилитација на невино осудените борци за само- битноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО, за оние изворни идеи кои час ги присвојуваат час ги отфрлаат, таквите едноумници се служат со инсиноации и лаги, со инпутации својствени на најподлите од родот на птиците - кукавиците.

Дали всушност раководствата на СДСМ и Либералната партија не се Ванчо Михајловски ако се знае дека и тој велел дека Македонија е мултиетничка заедница, а тоа и највисокото државно раководство го тврди. Ванчо Михајлов како влав се откажал од својата влашка националност и се борел за бугарската кауза во Македонија. Дали исто така раководствата на СДСМ и Либералната партија кои се и во нај- високото државно раководство не им ветија на албанците статус на народ затоа што екс претседателот на ПДП Невзат Халили во отвореното писмо до претседателот на државата вели: "Исполнете го тоа што ни го ветивте", а во прилог на ова е и поднесената Декларација од ПДП со која се бара статус на народ на албанците во Македонија. Значи тоа не води кон една нова Босна.

( Ме советувавте господине претседателе да го консултирам академик Блаже Ристовски, за историјата на македонскиот народ. Јас ќе го цитирам: "Благодарејќи на идеологилизираната и политизирана наука по ослободувањето и благодарејќи на селекцијата што ја вршеше науката се дојде до овој резултат".

Во програмите не само на основните и средните училишта туку и на факултетот не постои посебно научување за развитокот на македонската нација, на македонската национална мисла и култура?" Втор цитат на академик Блаже Ристовски. Треба да се работи по совест; и одговорно пред поколенијата. Не сме ние во таква состојба да може-ме на каков и да е начин да ја избегнуваме реалната вистина. Ние сме последните што неа ја кажуваме и затоа нашето мора да биде најточно, немаме што да криеме ниту имаме зошто да криеме. Затоа да повторам. Ни Јован Бабунски , ни Стојан Мишев, ни Ванчо Михајлов не признаваа македонска нација, па ниту можат да се најдат во овој закон. Првите двајца беа за Велика Србија, а вториот за бугарскиот карактер на Македонија. Но, каде е НОБ до 1953 година. Зошто викам до 1953 година. Во граѓанската војна во Грција учествуваа макеоднците затоа што се бореа за своите национални права, меѓутоа ние ја признаваме борбара само до 1945 година, односно јас лично ќе кажам дека НОБ беше национална борба на македонскиот народ, меѓутоа на 7 и 8 јануари 1945 година во Македонија се изврши воен удар затоа што се сменија македонските команданти односно македонскиот офицерски кадар и дојдоа за команданти срби и црногорци и знаеме зошто тоа се случи, затоа што тогаш макеоднците бараа едно обединување на Македонија без разлика на историските услови итн. Таму имаше 30 илјади борци и затоа од оваа говорница претседателот кажа, 56 илјади, 66 илајди борци имало во овој дел од Македонија, што е сега република Македонија како независна држава, меѓутоа имаше таму 30 илјади борци кои доживеаа незапаметен егзодус односно етничко чистење на македонскиот народ од Република Грција.

И, таквите и тие се во овој степен на рехабилитација односно ако се знае дека тогаш, таа федерална Македонија, таа Југославија на такви

борци кои сакаа со оружје во рака да дојдат да се одморат тука малку во Македонија, да ги охрабрат своите сили не им дозволуваше со оружје да влезат, им рече предајте го оружјето излезете во Македонија. Меѓутоа, луѓето не сакаа да го оставаат оружјето, оружјето им беше борба за национална слобода во Егејска Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Томислав Стефковски.

(Некој од пратениците реагира од место)

Потоа, првите реплики да се изредат.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ако се преточи сликата со гестот што го направи претседателот, реплики, реплики, испаѓа многу не сериозен пред јавноста. Мислам дека седницата треба да се води со ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие за претседателот немате што да зборувате. Реплика ако имате добро, ако не да си одите на местото, веднаш. Молам, ако .имате реплика. Повелете со реплики.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Реплика да ќе биде, во следното. Во Вашиот настап.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, мене не ми се обраќајте туку на Собранието. Немата ништо со претседателот на Собранието.

I/5.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

На Собранието, на Собранието, се изнесоа исконструирани невистини со кои ВМРО-ДПМНЕ на еден перфиден начин се претставува про-бугарска партија. Тоа е една невидена лага која што се повторува упорно за овие триипол години од како се јави ВМРО-ДПМНЕ на политичката сцена во Македонија. Не беше доволно што во редовите на ВМРО она што му беше подметнато и некој овде крајно лицемерно тврдеше кое ВМРО е наследник на првото ВМРО. Ние едноставно рековме тие што ги формираа сите други ВМРОА, а тоа треба да му биде познато и на господинот Тито Петковски за која цел се подмирени и тоа е јасно дека за да си може да си го постави прашањето кои се наследници. Ние тврдиме, затоа и на свечената Академија за 100 - години од ВМРО едноставно се утврди по желба на народот, а и практиката го докажа тоа дека само ВМРО-ДПМНЕ е историски континуитет на ВМРО бидејќи излегува од сталните традиции, а тоа е самостојна Македонија и во тие услови се создаде и самостојна Македонија.

Овде беа кажани некои работи кои што немаат врска со вистината. Еве на пример сега јас ќе бидам слободен. Се кажа дека ВМРО престанало да пости 1934 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам на кого е таа реплика?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

На Тито Петковски, да речам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, јас незнам за кого дојдовте овде. каква е вашата реплика.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

По ред, ќе дојдете и Вие тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Епа, не може по ред, имате само пет минути, Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Сма Ве вовлеков во играта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јавете се за збор, ќе Ви дадам збор во нормална постапка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Дозволете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, што да Ви дозволам, господине Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас одговорно тврдам, дозволете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, што да Ви дозволам господине Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Па да завршам, за тие пет минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе завршите за петте минути, за мене реплика што сакавте и што се јавивте.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Е, во ред.

Јас одговорно тврдам дека на група пратеници претседателот Киро Глигоров им изјави дека е член на ВМРО од 1936 година. Го прашувам, и Ве прашувам на која ВМРО бил член во 1936 година и која е неговата позиција сега. Мислам дека никој досега не рекол дека претседателот Глигоров е фашиста. незнам на која партија бил, а тоа треба да ни кажат тија што тврдат дека престанала ВМРО 1934 година.

Во однос на претседателот Андов, да не му го загорчувам водењето со седницата, едноставно ќе му кажам, додека над неговата глава стои овој грб со петокрака се дотогаш борците за самостојна Македонија ќе се нарекуваат бугараши, врховисти и ванчовисти.

**СТОЈАВ АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор, нема. Па јас сум два пати повикан и јас имам реплика, нели.

Има збор господинот Таири, повелете.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Благодарам што ми дадовте збор, јас ќе бидам краток, се однесува на тоа што некои пратеници излегуваат на оваа говорница честопати и ја злоупотребуваат со тоа што сите легитимни барања на албанците во Македонија во склопот на системот на одреден начин сакаат да ги оквалификуваат со тоа што како пример ја земаат Босна.

Јас во оваа прилика сакам да кажам дека нема во никој случај да отстапиме па и под разните закани , од програмските определби засновани врз сите акти што се во сила и дека ќе се заложиме до крај и нема никогаш да се плашиме од оние што сакаат на одреден начин да ги минимизираат нашите права во Републикава. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веби Џемаили бара реплика.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани пратеници не сакам да му реплицирам на Стоиле Стојков бидејќи тој не заслужува да има таква реплика, јас излегов тука само за една вистина. Ванчо Михајлов не е Ванчо Михајлов туку точно име му е Иван Михајлов, едно. Второ, никогаш не бил влав туку е македонец и од 1942 година тој раководеше со бугарските сили во Скопје. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор, реплика.

Добро, ако ми дозволите еве јас една мала реплика.

Сакам да кажам дека во излагањето не зборував оваа или онаа партија дали е пробугарска, просрпска, протурска, прогрчка, дали е овој таков или ваков, јас зборував за расправата и за учесниците во расправата. Само тоа мене ме интересираше и тука да Ве потсетам укажав на повеќе работи, ама би рекол на три на кои сега сакам да ги искажам, да ги споменам.

Прво, еден е комплексот на неправдите што се учинети со репресиите од страна на државните органи кон луѓето за политички дела, без оглед како јас мислам за еден или друг, за неговиот политички став во минатото, јас длабоко жалам и сочувствувам со луѓето што страдале заради политички убедувања, бидејќи мислам дека ние градиме едно општество овде и држава, со Уставот ја створивме,каде слободата на мислата па и полатичката мисла и слободата на политичкото организирање е гарантирано со Уставот и постоењето меѓу нас граѓани кои претрпеле државна репресија поради политичко мислење или политичко организирање нас се разбира сите не загрижува и ние мораме да поведеме сметка за овие граѓани, да им ја симнеме нивната хипотека

и она што останало кај нив.

Второ е она што сакав да кажам дека низ борбата, низ настојувањето токму во овој парламент и од овој парламент донесениот Устав како основа на една таква борба ние ги рехабилитиравме веќе со Уставот сите политички идеи затоа што се сите легални. Но, не можам да прифатам да се врши промоција на едни идеи, а сузбивање на други идеи. Тоа значи, ако државен орган се впушти во тоа ја враќа истата ситуација што со Уставот е надмината.

Реков дека има две линии кои не можам да ги прифатам. Не можам национално да се мирам со некој што не е од моја иста нација. Со него ќе градам меѓунационални односи, а не можам да се мирам внатре во нацијата, тој не е, ако тој се чувствува бугарин, негова работа е, немам против било кој да се чувствува бугарин, или србин или грк. Тогаш мене нека не ме повикува на помеѓунационално помирување оти јас не сум ниту бугарин, грк или србин. Јас со македонците би се помирил меѓунационално, а не можам да се помирам само со оние макеоднци до крај и да се изедначам, оние кои во антифашистичката борба биле на другата страна и служеле на фашизмот. Мислам, оти нив ги почитувам ако се мртви, како сите мртви, имам пиетет према сите што изгубиле живот, или насилно и т.н. но не сакам со нив да се поистоветувам.

Што се однесува со тоа дека има инсинуации, Ве молам нека слушаат сите овде што зборува, кој зборува и кој инсистира. Велите дека јас сум тврдел дека Вашата партија е пробугарска. Земете го стенограмот , ако сакате нека се објави комплетно, најдете каде тоа го тврдам, па да докажете. А, зборував само за идеи кои тука се промовираат, во оваа расправа, друго , Ве молам, кој етикетира од оваа говорница, исто така јавноста знае.

Дали уште некој збор?

Има збор господин Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Мојата реплика се однесува на настапот на претседателот на Собранието, не сегашното туку претходното, пред два дена. Во што сум спомнат таму? Јас сум тој што кажав дека е убиен чувар во еден затвор. Тој бил македонец. Татко на шест деца. Во село Смилево. Сега според новите сознанија тој бил татко на девет деца македончиња кој има и те како повеќе околу педесетина внуци. Дали за тие внуци, за генерација од педесетмина не треба рехабилитација. Не треба да им се даде еден почит. Дали спрема искажувањата на претседателот на Собранието, да ги повторам зборовите, " тој чувал нешто", чувал, кои затвореници, само да ве потсетам господа , за време на окупацијата на Република Македонија сите граѓани на Македонија служеа армија родени од 1920 до 1924 година и те како ќе ве потсетам , во таа армија окупирана, членови на таа армија беа , зар треба сите тие што служеа во таа армија да бидат стрелани ли, зар виновни беа тие што служеа на бугарската окупаторска или било која германска или италијанската армија. Тоа е вистина, тоа е една вистина и дел од нашата историја.

И друго шот можам да кажам јас бев оспорен тука за некои делови, ве молам, имаа можност бидејќи се зборува тука, за прв пат ќе изнесам факти, една вистина и само една вистина. Господа пратеници, не овој парламент го девалвира АСНОМ, не овој парламент го девалвира Илинден, да ви кажам до 60 година, до донесувањето на Законот за државни празници на Република Македонија "Службен весник" број 24 од 1960 беше прогласен Ден 2 август, Дена на Илинденското востание и

одржување на Првото заседание на АСНОМ, 1960 година, 15 години после одржуваше на тоа Прво заседание на АСНОМ. Историчар или што сум. Каде беа нашите историчари тогаш. 15 години да кажат за АСНОМ. Зар овој парламент го девалвира АСНОМ? Овој парламент само го рехабилитира. Ги рехабилитира сите досегашни недоразбирања што ги имавме и рехабилитацијата на Лазо Колишевски. Си давам право дека после еден Лазо Колишевски стојат други Лазовисти. Позади еден Ванчо Михајлов стојат други Ванчо Михајловисти. И не смее историјата да се игра ни со Лазо Колишевски па ни со еден Ванчо Михајлов. Тие се дел од македонската историја.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Вие рековте вашиот стенограм да го земеме, а јас го зедов вашиот стенограм, па ќе цитирам некои ваши изјави."Таквите напади кои се насочени на столбовите на оваа држава, потоа да се прогласат дека АСНОМ е дело на ВМРО. Ве молам на памет никому не му паѓа. Ченто никогаш не бил член на ВМРО. Земете го составот ќе видете дека четири години ВМРО било надвор од играта за време на војната. Земете ги малку документите. Ова не е точно а вие во следната реченица тоа го потврдувате. Ќе дојдеме и до тоа. "Точно е дека во НОБ во текот на борбата се приклучија и некои стари членови на ВМРО". Тоа е контрадикција. Во исто време тврдите дека ВМРО немало ништо заедничко, а од друга страна велите дека се приклучиле и некои други стари членови на ВМРО. Идејата на ВМРО е токму вткаена и во НОБ. Зошто тие борци се бореа. Јас овде цитирав како се однесувал Добривоје Радосавлевиќ кон прашањето во однос на македонците кон таа бивша Југославија. Тие не ја сакаа. Затоа до 1943 година дури не се промени името на таа комунистичка партија во Македонија дури фигурираше Југославија, овде партизанското движење беше многу слабо. Тоа треба да го признаеме и тоа е наша реалност, затоа што луѓето сакаат да се борат за целокупна обединета Македонија.

Вие исто така импутирате во ва^ето излагање . Ве молам, оние членови кои упорно беа против членовите на ВМРО, другите нивни струи оние кои беа директно против Тодор Александров и неговата струја и оние кои беа директно против Ванчо Михајлов и неговата струја. Јас кажав Тодор Александров е убиен 1924 година. Наредбодавецот кој бил сеуште историчарите не докажале . Меѓутоа, зошто е убиен? Затоа што со Димитар Влахов врз основа на мајскиот манифест целото ВМРО да го обединат и да работат на целокупна обединета Македонија. Тоа е

вистината. Земете го мајскиот манифест кој е презентиран од ВМРО обединето од Централниот комитет на ВМРО обеди- нето. Тоа се историски факти и како што вели академикот Блаже Ристевски за жал, нашите поколенија, односно нашите деца ниту ние тие работи доволно не ги проучувавме. Затоа ќе ни се случуваат сега несакани работи, ќе доживуваат шок одредени генерации во нашата држава, односно не знаејќи си ја својата историја и почетокот на својата историја. Јас на почетокот кажав дека почнувајќи од 1870 година, го кажав тоа во своето прво излагање, дека македонците, вие велите зошто не го спомнав Блаже Ристовски, јас го спомнав тука и тој вели од 1870 година од создавањето на Бугарската егзархија македонците тргнаа и по сопствен пат, бараа сопствена црква. Затоа имаме појава на унијаство итн. во верска смисла, односно сето тоа е познато. Затоа треба целокупната наша историја да се проучува. И вие велите овде не ви импутиравме. А вие токму нас не импутирате. Значи прво ќе барате рехабилитација , после ќе дојдете во втората фаза, ќе ја заборавиме самобитноста на македонскиот народ во втора фаза, во трета фаза па ќе видиме дека и Ванчо Михајлов едно време се борел за независна македонска држава за држава на бугари од Македонија како втора бугарска држава. Тоа вие го импутиравте на членови во овој парламент, кој се членови на опозицијата, односно членови на ВМРО-ДПМНЕ. Таквите импутации не водат кон национално помирување. Нашата историја е таква, затоа вели и Блаже Ристовски таква е каква е реалноста, меѓутоа, ние сите сега сме припадници на македонската нација, последниот чин на создавање на нација што е познато во светот теоретски ние го исполнивме, создадовме своја држава и никој повеќе нема право да ни се меша дали имаме нација или немаме. Меѓутоа, ние самите треба еднаш да престанеме еднаш за секогаш и да не им се чудиме на соседите кои велат па не сте нација. Ние самите меѓу себе не се признаваме затоа ви реков не ми

II/3

одговорите на две прашања кои ги поставив. Вашите тези за мулти етнички карактер на Македонија е потполно ист со тезите на._Ванчо Михајлов. Дали сте вие Ванчо Михајловисти, затоа што највисокото државно раководство тврди дека Македонија е мулти етничка заедница, а ние од ВМРО- ДПМНЕ тврдиме дека Македонија е на македонскиот народ, држава на македонскиот народ како носител на сувереноста и сите граѓани, од- носно на оние кои се лојални, кои го почитуваат Уставот и законите на оваа држава. Во тоа е разликата. Затоа, овде се кажа и од господинот од ПДП за легитимните барања. Тие легитимни барања вашиот екс претседател во отвореното писмо вели до претседателот на државата исполнете она што ни ветивте. Земете ја Нова Македонија пред два три месеци ќе видите дека така стои. меѓутоа, во декларацијата вие спомнавте за писменоста, за еднаквоста на албанците. Меѓутоа ваму стои во една точка дека и албанскиот јазик е рамноправен со македонскиот јазик, барате да биде службен јазик во оваа држава а барате и статус на народ. Знаете ли што е тоа. Тоа е федерализација на оваа држава, а видовме што значеше три конститутивни народи во Босна. Доведе до меѓуетничка војна. Тоа на Македонија и е најмалку потребно. Затоа велам ние сме загрижени затоа што за три години некои господа овде од Социјал демократскиот сојуз и од Либералната партија го сменија своето мислење. Пред 3 години мислеа дека Македонија не може да биде независна држава, ние тврдевме дека може да биде, а тоа и го докажавме. Македонија е независна држава. Меѓутоа, ако тоа ваше предвидување пред 3 години се исполнеше, јас ви гарантирам дека сега нашите деца ќе гинеа во Босна, без разлика кој е во право во таа Босна не сакам да судам

II/4

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас му благодарам овој пат на господинот Стојков бидејќи ми даде шанса да излезам и околу неговата- теза што е што оваа федерализација, би сакал неколку збора да кажам. Знае секој дека на ова поднебје живееле секогаш со векови разни народи и сакал некој или не тоа е еден факт. Друго е што со уставните одредби итн. поради икс причини е друго напишано, но во практиката тоа е.

Втора работа, не би сакал исто така да реплицирам во врска со тие работи, но сето тоа што и во декларацијата и во програмските определби на нашата партија сметам дека ние ќе стоиме секогаш на патот истите да ги оствариме. Затоа уште еднаш повторувам дека не треба никој да не плаши со Босна и со други работи.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас се чудам како органите во државната управа, односно Министерството за внатрешни работи, при една ваква констатација, односно при тоа дека во нашата програма односно во нашата платформа во партијата така се изразија, односно на ПДП и НДП стои дека ќе бараат статус на народ. Тоа е анти уставно, затоа што во Уставот е дефинирано кој е носител на сувереноста на оваа држава. Тоа е македонскиот народ , односно националностите. Затоа велам и во Албанија живеат национални малцинства и тоа во многу голем број и тоа над 350 илјади само македонци, околу 400 илјади имате Грци, 60 илјади срби и црногорци итн. меѓутоа, во Албанија имате унитарен устав и во Македонија ќе има унитарен устав. Во сите балкански држави уставите се унитарни. Не може само Македонија на овој Балкан да стане држава во која ќе бидат носители на државноста и националните малцинства. Тоа е недозволено. Затоа вела ако тоа се дозволи , еве ја Босна тука веднаш, меѓутоа, вие во вашата декларација не спомнавте зошто е точка

на дневен ред на 70-та седница. Тоа не го спомнавте треба да кажете таму бараме, меѓутоа и вашиот екс претседател дефинитивно тврди дека нешто ви е ветено во тој однос. Затоа велам инаку сите граѓани на оваа држава, без разлика дали се албанци, македонци, сите ние треба како пратеници да се заложиме да ги уживаат правата што им припаѓаат согласно уставот и законите. Тоа е граѓанскиот концепт на државата што вие често пати го мешате. Националното не го исклучува граѓанското и обратно. Затоа јас мислам дека и вие ќе се заложите истите права и врз национална основа и врз граѓанска основа што ги имаат албанците во Македонија, истите права да ги имаат и македонците во Албанија. Тогаш ќе верувам дека ќе можеме да соработуваме на една целосна основа, од- носно тогаш ќе поверувам дека еве господата колеги пратеници во ова Собрание од албанската националност како што стои во нашиот Устав дека се спремни да работат за доброто на оваа држава. Така сами ако за сите граѓани подеднакво се залагате. Како што ние се залагаме во ВМРО-ДПМНЕ јас кажав пред три четири седници во нашите редови имате и малку членови албанци, затоа што фактички тоа е ние се бориме за матична држава на македонскиот народ. Вие имате Албанија ви е матична држава.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Излегов да кажам нешто во врска со писмото кое што го испратија осудениците за идеите на ВМРО. Од тоа писмо недвосмислено произлегува дека не сака никој да ги жали воопшто за она што го сторија за самостојна Македонија. Од тоа писмо сакам да кажам дека произлегува другиот факт дека од него неизвира реваншизам и дека никој не треба да се плаши со донесувањето на овој Закон. Целата предупанција и целата игра околу расправата на наметна токму коалицијата , плашејќи се од некаков реванжизам. Реваншизам не постои

да бидам по јасен од расправата единствено произлегува националното мирување меѓу спротивставените идеолошки две групи во одреден период на нашата историја. Ако гледаме. од надворешен аспект кој е тој кој ја оствари идејата за самостојна Македонија и кој е поголем грешник или негрешник ако овде што е суден за самостојна Македонија од денешен аспект е во право , или оној кој што во тој период се залагаше за Југославија или слично, каде е и на чија страна е правото. Јасно е дека е за оние што се осудени за ВМРО и ништо понатаму Меѓутоа, сакам да укажам на една појава кој се обидува овде да се прави некаква споредба меѓу членовите на ВМРО осудени за идеите за самостојна Македонија и оние припадници на разните групи кои сакаат да ги ставиме во исти кош. Не е точно тоа. Овде со таквата теза ако сакаме дека овој закон треба да биде ваков, треба да биде таков да се даде можност да се рехабилитираат и тие балистички банди нели е тоа, нели сугерира на одреден начин на еден перфиден обид за федерализација на Македонија. Да ги изедначиме оние што беа за Македонија со оние што беа против. Мислам таква конотација се доби од настапите на одредени пратеници, еве не ги именувам да не ми прават реплика меѓутоа, се смешкаат. Тоа е тој факт кој што ние треба да го имаме предвид. Инаку, законот има навистина потреба и едноставно работите си доаѓаат на место и без понатамошна расправа ние треба да ја утврдиме потребата за донесување на овој закон а во втората фаза би оделе со едно посмирено темпо да ги најдеме правите решенијата.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Да го искористам моето право со Правилникот, на кратко да реплицирам. Често пати се употребува на оваа говорница лојалноста. Само за тие граѓани кои што се лојални. Се прашува ли некој од вас колку е државата лојална према тие граѓани. Втора работа, Уставот. Ние

знаеме Уставот како помина, кој гласаше кој не и покрај тоа како таков што е изгласан и понатаму не се почитува заправо од оние сили кои што денеска на ваков начин разговараат. Неможно е како некој што не сака да ги идентифицира една струја од ВМРО со балистите, како што беше овде изречено, исто така не може да се идентифицира бројот на албанците во Македонија со бројот на македонците во Албанија. Некаде 1990 или 1992година, таа копија постои во Македонската радио телевизија, каде што јас во соба седејќи заправо со мои очи и уши слушав и гледав господинот Беровски со волјата изјава кажа дека во Албанија постојат 4800 македонци, секаде низ цела Албанија вклучувајќи ги и мажените итн. Затоа тој број не може да се идентификува со албанците во Македонија, заправо наредниот попис ќе покаже колку е тоа и дали може да се споредува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, сосема одговорно ви предлагам врз основа на деловничките ваши овластувања да ја прекинете седницата и да ја презакажете за друг ден затоа што мислам дека сме на дното од авторитетот на Парламентот и мислам дека сме три дена толку далеку од темата што нема никаква смисла да се води понатамошна расправа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници токму на линија на предлогот на господинот Никола Поповски. Јас мислам дека денеска сме сведоци на еден еклатантен пример како се злоупотребува оваа говорница и овој Парламент и навистина ние веќе не можеме да бидеме пратеници, не може да се зборува со никаков пиетет ако вака настапуваме. Дури денеска се слушна и ова на говорница, па и јас се плашам што да кажам затоа што претседателот на СДБ Комисијата ќе ги повика од МВР од моето мислење кажано тука па да ме земат и да ме затворат. Значи и тоа

го слушнавме, до тоа ниво падна овој парламент, односно овие пратеници одредени и за нешто друго што бараат процедурално. Многу треба во иднина да се внимава за точките кои ни се подметнуваат да бидат и усвоени како точки на дневен ред, затоа што одредени пратеници тоа многу смислено и многу паметно за нив се прави да се подметнуваат такви точки за да се дојде до една ваква расправа која трае со денови, само за тоа да можат божем за некој рејтинг личен или партиски , меѓутоа, обично ваквите расправи , иако завршиле со едно нивно крахирање , меѓутоа ние губиме време и не можеме да одиме понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што предлагате?

**ИМЕТ РАМАДАНИ:**

И јас исто така предлагам да се прекине расправата во врска со оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ја прекинувам седницата, ќе ја презакажеме.

( Седницата заврши во 12,55 часот.)